**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**
**Су-04 број 100/20**
**01.10.2020 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова, врз основа на член 39 и 88 од Законот за судовите, а согласно член 113 став 4 и член 179 од Судскиот Деловник („Сл.Весник" број 66/2013, 114/14), поради настапени услови за промена на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино за 2020 година Су-04 број 35/20 од 05/03/2020 година поради времено упатување на судија од друг суд, по доставените мислења од судиите Су број 416/20 од 01/10/2020 година, на ден 01/10/2020 година ја донесе следната

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ
## на Распоредот за работа
## на Претседателот на судот и судиите
## во Основен суд Неготино за 2020 година

**1. Претседателот на судот Билјана Толова** ќе го преставува судот, ќе ја организира работата на судот и ќе превзема мерки заради навремено и уредно вршење на работата и ќе постапува:

- по предмети од судска управа (уписници „Су", „Су-01", „Су-02", „Су-03", „Су-04", „Су-05", „Су-06", „Су-ИЗЗ", „Су-дов", „Су-стр дов");
- по предмети од уписник „УПП" (поплаки и преставки) и уписник „СПИ" (слободен пристап до информации);
- по предмети од уписник „Зав-х";
- по парнични предмети од уписник „П-2";
- по сите повторно заведени предмети од судија Лазар Ризов од уписник „П-2"
- како Претседател на Кривичен совет (уписници „Кс"; „Ксп", „Кс-Кр", „КП", „Кук", „Уо" и „Кпов"), како и по предметите од активната архива и од пасивната архива по кои постапувала судија Александар Поп Стефанија како претседател на кривичен совет од истите уписници;
- по предмети од уписник „Кр";
- како Претседател на совет во прекршочни предмети за кои се одлучува во совет (уписник „Прк.Пов".)
- по предмети од уписник „Прк-р";
- по предмети за извршување на прекршочни санкции (уписници „Ипрк" и „Исам"), како и предметите од активната и пасивната архива од судија Александра Поп Стефанија од обласка на извршувањето на прекршочните санкции (уписници „Ипрк" и „Исам");
- како судија на предходна постапка по сите предмети од кривична област (уписници „К-ПП" и „КНЗД")
- по барања за издавање дозвола за извршување (уписник „ИДС") и по прераспределба на предмети од „ППНИ" уписник по барање за иземање од извршување по член 218 од Законот за извршување и по барање за одлагање на извршување по член 91 од Закон за извршување и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

**2.Судија Лазар Ризов ќе постапува:**

- како Заменик на Претседателот на судот;
- по предмети од уписник „Зав-х“ како заменик на Претседателот на судот;
- по парнични предмети по уписниците „П-1“, „П-3“, „П-4“, „П-5“ и „Малв.П“
- по нови предмети од уписник „РО“ од денот на ова измена, како и предметите досега во работа од истиот уписник;
- по парничните предмети од уписник „П-2“ примени заклучно до 14/11/2019 година,
- по граѓански замолници уписник „ЗАМ-с“;
- по платни налози и приговори против платни налози (уписник „Пл.“, „Малв.Пл-1П“ и „Пл.-1П“);
- по оставински предмети (уписник „О-1“ и „О-над“);
- по вонпарнични предмети (уписници „ВПП“, „ВПП-1“, „ВПП-2“, „РВПП“ );
- по други парнични и вонпарнични предмети („Зав“, „Зав-с“,„ПСО“, „РП“,„ОДС“, „ПОМ“, „ПИ“, „ПСО“, „ИПК“, „ПОМ“, „Знд“, „ИЗС“, „ПЛЖ“, „ППОВ“, „РО.ПОВ“, МВ.ПОВ“);
- како член на кривичен совет;
- судија известител при водење на посебни кривични постапки;
- по пасивна архива од извршни предмети по кои постапувал како извршен судија (уписник „И“) и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

**3. Судија Ацо Анѓелковски ќе постапува:**

- по парничните предмети од уписниците „П-1“, „П-3“, „П-4“, „П-5“ и „Малв.П“,
- по нови предмети од уписник „РО“ од денот на ова измена, нерешените предмети во работа од истиот уписник, како и по 13 незапочнатите предмети од „РО“ уписник од Претседателот на судот Билјана Толова по листа прилог кон распоредот;
- по граѓански замолници уписник „ЗАМ-с“;
- по платни налози и приговори против платни налози (уписник „Пл.“, „Малв.Пл-1П „Пл.-1П“);
- по оставински предмети (уписник „О-1“ и „О-над“);
- по вонпарнични предмети (уписници „ВПП“, „ВПП-1“, „ВПП-2“, „РВПП“);
- по други парнични и вонпарнични предмети („Зав“, „Зав-с“,„ПСО“, „РП“,„ОДС“, „ПОМ“, „ПИ“, „ПСО“, „ИПК“, „ПОМ“, „Знд“ „ИЗС“,„ПЛЖ“, „ППОВ“, „РО.ПОВ“, МВ.ПОВ“);
- по сите повторно заведени предмети од судија Билјана Толова по наведените уписници од парнично и вонпарнично одделение, освен уписникот „П-2“,
- по нерешените предмети од уписник „ППНИ“ од судија Лазар Ризов по листа прилог кон распоредот и нови предмети од уписникот „ППНИ“ од денот на ова измена;
- како член на кривичен совет;
- судија известител при водење на посебни кривични постапки;
- по пасивна архива од извршни предмети по кои постапувал како извршен судија и по предметите од пасивна архива од извршен судија Владанка Ристова (уписник „И“) и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

**4. Судија Розеана Ѓорѓиева ќе постапува:**

- по сите кривични предмети, како и по повторно заведени кривични предмети;
- по замолници од кривична материја („Зам.К.“)
- како член на кривичен совет и
- како дежурен судија по предмети од кривична, прекршочна област и граѓанска област.

**5. Судија Бојанчо Донев ќе постапува:**

- по сите нови прекршочни предмети од уписниците „Прк-с“, „Прк-о“ и „Прк-ј“, по незавршените прекршочни предмети од истите уписници од судиите Ацо Анѓелковски и Розеана Ѓорѓиева, ( по листи прилог кон распоредот ), како и по сите повторно заведените предмети од истите уписници од судиите Александра Поп Стефанија, Ацо Анѓелковски и Розеана Ѓорѓиева;
- по предметите од пасивната архива од судиите Александра Поп Стефанија, Ацо Анѓелковски и Розеана Ѓорѓиева од уписниците „Прк-с“, „Прк-ј“ и Прк-о“,
- по замолници од прекршочна материја;
- по незавршените кривични предмети од уписник „К“ од судија Ацо Анѓелковски и по кривични предмети од уписник „К“ во случај на изземање на судија Розеана Ѓорѓиева со одлука на Претседателот на судот,
- по предмети за извршување на кривични санкции (уписници „КУИКП“, „ИКП“, „ПК“, „ИОИП“ и „ИСАМ-Л“), по незавршените предмети за извршување на кривичните санкции од истите уписници по кои постапувал судија Лазар Ризов, (по листа прилог кон распоредот), како и по предметите од пасивната архива од Одделението за извршувањето на кривичните санкции и
- како член на кривичен совет.

(Забелешка: предметите од <u>активна архива</u> се предмети по кои постапката е во тек; предметите од <u>пасивна архива</u> се предмети по кои постапката е завршена со правосилна и извршна одлука)

**6.** По одлука на Претседателот на судот донесена по поднесено барање за изземање, на судијата може да му биде доделен предмет во работа и по уписник кој не му е доделен со Измената и дополнувањето на распоредот за работа.

**7.** Судскиот соработник Марија Лазова Ѓорчева се распоредува да работи со судиите кои постапуваат по предмети од граѓанскиот и кривичниот оддел, а предвид обемот на работа на судијата, како и за одговорно лице за односи со јавноста и одговорно лице за слободен пристап до информациите, (уписник „СПИ“)

**8.** Измената на Распоредот за работа на судиите и Претседателот на судот започнува да се применува од **<u>01.10.2020 година.</u>**

**9.** Примерок од Измената и дополнувањето на Распоредот за работа на судиите и Претседателот на судот за 2020$^{\text{та}}$ година да се достави до судиите, судскиот соработник, извршителите во одделенијата и информатичарот за негово спроведување во АКМИС.

**10.** Примопредавањето на предметите да се изврши помеѓу останатите судии

да се изврши со записник за примопредавање, потпишан од судиите, преку извршителите на одделенијата.
По потпишување на записниците за примопредавање од судиите, еден потпишан примерок да биде предаден во Судската управа, како прилог кон оваа Измена и дополнување на Распоредот.

11. Прераспределбата на предметите во АКМИС и примопредавањето на предметите да се изврши најдоцна во рок од три работни дена од денот на донесувањето на Измената и дополнувањето на Распоредот.

## Образложение

Претседателот на судот, по Одлуката на Судскиот совет на РСМ број 02-1369/3 од 22/09/2020 година, постапувајќи согласно член 179 став 1 и член 113 став 4 од Судскиот Деловник, оцени дека е потребно да се изготви Измена и дополнување на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основниот суд Неготино за 2020 година Су-04 број 35/20 од 05/03/2020 година поради зголемување на бројот на судиите.

При изготвување на Измената и дополнувањето на Распоредот за 2020 годиона, Претседателот на судот ги имаше во предвид прибавените мислења од судиите Лазар Ризов, Ацо Анѓелковски, Розеана Ѓорѓиева и Бојанчо Донев, кои сите изјавуваат дека сакаат да работат само во една правна област, но оцени дека заради постапување по сите уписници од сите одделенија во Кривичниот и Граѓанскиот оддел на овој суд, во Основниот суд Неготино, како суд со сега 5 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот, не постои можност за поделба на работата во специјализирани судски оддели, поради што Измената и дополнувањето на Распоредот за работа за 2020 година ја направи на начин што дел од судиите и Претседателот на судот ќе постапуваат во различни правни области, што беше и досегашниот начин на работење на овој суд и претходните години.

При прераспределба на предметите кај судијата Бојанчо Донев, Претседателот на судот го имаше во предвид вкупниот број на нерешени предмети по судија заклучно до денот на донесувањето на измената и дополнувањето, а посебно го имаше во предвид и претходното постапување на судиите од овој суд со Распоредите за работа од претходните години, како и досегашнотопостапување на суијата Бојанчо Донев попредмети во Основниот суд Велес па на секој судија му се доделени предмети од уписници по кои и претходно има постапувано.

Покрај таксативно наведените уписници по правни области, повторно од истите погореобразложени причини, по одлука на Претседателот на судот донесена по поднесено барање за изземање, на судијата може да му биде доделен во работа предмет и по уписник кој не му е доделен со распоредот за работа, а согласно одредбите од член 177 и 178 од Судскиот Деловник.

Согласно член 88 став 4 од Законот за судиите, а предвид оцените и најголемиот број на бодови од последното оценување по судија, за судија кој ќе

го заменува Претседателот на судот го определи судија Лазар Ризов, како судија со најголем број на бодови во овој суд.

Основен суд Неготино, 01/10/2020 година.

**Претседател на судот-Судија,**
Билјана Толова

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против Измената и дополнувањето на Распоредот за работа на Претседателот на судот и судиите во Основен суд Неготино дозволен е приговор во рок од 3 дена од денот на приемот преку овој суд до општата седница на Врховниот суд на РСМ.